**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-6588/2**

# З А П И С Н И К

**Од 76-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 18.12.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева , Ивана Трајковска,Златко Јанковски и Гајур Рамадани. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека и Анита Латифи. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Арун Ибраими-заменик на директорот на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Љубиша Брајаноски-раководител на одделение за заштита,безбедност и здравје при работа во МРТ и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ. |

Седницата започна во 11:20 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 75-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
2. Разгледување и усвојување на Предлог Одлука за број на програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ.
3. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за плати и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.
4. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за безбедност и здравје при работа во ЈРП МРТ.
5. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ.
6. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата.
7. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство.
8. Разгледување и усвојување на Предлог Упатство за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ.
9. Разно.

Дарко Стефановски Претседател на Надзорен одбор на МРТ со забелешка по однос на Дневниот ред точките 3,5,6,7,8, кои претставуваат акти од финансиска природа предходно да бидат разгледувани на седница на Надзорниот одбор на МРТ.

Програмскиот Совет на МРТ едногласно ги прифати забелешките и го усвои корегирниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 75-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Предлог Одлука за број на програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ.

3. Разгледување и усвојување на Предлог  Правилник за безбедност и здравје при работа во ЈРП МРТ.

4. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 75-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување  записникот од 75-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 75-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 75-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2: **Разгледување и усвојување на Предлог Одлука за број на програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ.**
Согласно ЗААМУ и Статутот на МРТ Директорот на МРТ достави до Програмскиот совет на МРТ-Предлог за донесување на Одлука за број на програмски сервиси што ги обезбедува ЈРП МРТ.
Преглогот на Директорот на МРТ беше доставен на разгледување до членовите на Програмскиот совет на МРТ.

Врз основа на член 107,став 1,алинеа 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр. 184/13, 13/2014, 44/2014,101/2014, 132/2014,132/17),и член 12,став 1 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на ЈРП МРТ на својата 76-та седница одржана на ден 18.12.2018 година,ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за број на програмски сервиси**
**на Македонска Радио Телевизија**

**I.** ЈРП Македонската Радио Телевизија во Република Македонија обезбедува вкупно **9(девет)** програмски сервиси од јавен интерес:

● Македонската телевизија ги обезбедува следниве 5 (пет) програмски сервиси:
1. Прв програмски сервис на Македонска телевизија,
2. Втор програмски сервис на Македонска телевизија,
3. Собраниски програмски сервис на Македонска телевизија,
4. Сателитски програмски сервис на МТВ1,
5. Сателитски програмски сервис на МТВ2.

● Македонското радио ги обезбедува следниве 4 (четири) програмски сервиси:
1. Прв програмски сервис на Македонско радио,

2. Втор програмски сервис на Македонско радио,
3. Трет програмски сервис на Македонско радио,
4. Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми – Радио Македонија.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директор на МРТ,
- Заменик на директорот на МРТ,
- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО;
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Архивата на МРТ.

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Одлука за број на програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ.

■**Одлуката за број на програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ** беше ставена на гласање:

● ЗА гласаа: **11** членови,
● ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
● ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за број на програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ е едногласно **усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3: Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за безбедност и здравје при работа во ЈРП МРТ.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Љубиша Брајаноски раководител на одделение за заштита,безбедност и здравје при работа во МРТ кој пред присутните членови ја објасни потребата од носење на еден ваков Правилник за безбедност и здравје при работа во ЈРП МРТ, и истакна дека истиот е изработен согласно укажувањата на Државниот инспекторат за труд како и согласно одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа на Република Македонија.
Членот на Програмскиот совет Косана М Николиќ со прашање по излагањето на Љубиша колку време се чуваат документите за повреда од вработените во МРТ,дали имаат изготвено како одделение План за евакуација во МРТ и колку вработени брои Одделението за заштита,безбедност и здравје при работа во МРТ.Љубиша Брајаноски од одделението за заштита,безбедност и здравје при работа во МРТ одговори дека документите за повреда согласно законските обврски се чуваат по 3 (три) години,план за евакуација имаме изготвено,а одделението за заштита,безбедност и здравје при работа во МРТ има тројца вработени.
Членот Ристе Панов со прашање дали е донесена проценка за ризик на работните места.Љубиша Брајансоки одговори дека е изготвена и донесена.
Членот Златко Јанковски со прашање дали во МРТ редовно се вршат обуки,односно колку се вработените во куќата обучени за безбедност и здравје при работа.
Љубиша Брајаноски одговори дека редовно се организираат обуки во МРТ за безбедност и здравје при работа и дека на нив земаат учество сите вработени во МРТ,исто така напомена дека во МРТ во состав на Секторот за логистика постои и противпожарно одделение чии вработени редовно си ги извршуваат своите работни задачи.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за безбедност и здравје при работа во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■**Правилникот за безбедност и здравје при работа во ЈРП Македонска Радио Телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за безбедност и здравје при работа во ЈРП Македонска Радио Телевизија **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4: Разно**

Пред членовите на Програмскиот совет на МРТ беше презентиран предлог текст на писмо до ЕБУ(European Broadcasting Union),во кое се бара поддршка од истоимената организација за политичкиот притисок што Програмскиот совет на МРТ како независно тело го има од страна на одредени владини структури во Р. Македонија.
Предлог текстот беше едногласно усвоен од членовите на Програмскиот совет и своерачно потпишан од сите членови на советот.
Исто така поштата која беше пристигната до Програмскиот совет на МРТ беше договорено да биде испратена електронски по е-маил до сите членови на советот.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател